ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-4401/10
Дата, Data 25-05-2022
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 52 став 1 од законот за административни службеници („Службен весник на РСМ“ бр. бр.167/2015, 27/2016 и 120/2018), вд Директорот на ЈП Водовод и канализација – Скопје донесува:

ОДЛУКА
за избор на кандидат по интерен оглас број 03/2022

За извршител на работно место:

2. Виш соработник за маркетинг, во Одделение за односи со јавност, во Сектор меѓународна соработка, проекти и односи со јавност, со шифра КДР0102В02043, ниво В02, 1 (еден) извршител, се избира кандидатот:

1. **Ајла Груби**

2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од став 1 на оваа Одлука по завршувањето на постапката за избор и конечноста на Одлуката, за што ќе се донесе решение за унапредување на административниот службеник.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 04.05.2022 година на веб страната на ЈП Водовод и канализација- Скопје и веб страната на Агенцијата за администрација, беше објавен оглас за пополнување на работното место: Виш соработник за маркетинг, во Одделение за односи со јавност, во Сектор меѓународна соработка, проекти и односи со јавност, со шифра КДР0102В02043, ниво В02, 1 (еден) извршител, со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување на административниот службеник, формирана со Решение бр.0401-4401/7 од 18.05.2022 година, донесено од страна на вд Директорот, по спроведената административна селекција и спроведеното интервју со кандидатите, изготви и достави до Директорот финална ранг листа, од уредни кандидати бр. 0401-4401/8 од 20.05.2022 година.

Врз основа на финалната ранг листа, вд Директорот изврши избор како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од објавување на Одлуката на web страната.

ЈП Водовод и канализација – Скопје
в.д.Директор
М-р Златко Перински

Доставено до:
-Сектор за човечки ресурси;
-Архивата;
-Именуваниот.